Република Македонија
**Министерство за финансии**

Предмет: Покана за семинар

Бр. 13 -
Скопје __.__.2018 година
Република Македонија
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 765
Е-пошта:
ivana.jovic@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 16 до 20 април 2018 година во Скопје ќе се одржи 4,5 дневен семинар на тема: **"Certification Programme: International Compliance Foundation Level".**

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF – www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е подобро разбирање на главните елементи на функцијата офицер за усогласување (Compliance officer) покривајќи ги техничките и практичните аспекти и одлуки со кои се соочува офицерот за усогласување, имплементирање на регулаторната рамка со акцент на студија на случај на специфично окружување и продлабочување на знаењето на учесниците во врска со правната рамка која се однесува на офицерот за усогласување.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби, вклучувајќи вежби за преговарање со потенцијални клиенти. Целна група се офицери за усогласување со и без работно искуство, внатрешни ревизори, менаџери и лица вработени во банки и останатите финансиски институции.

На петтиот ден од семинарот ќе се спроведе испит за проверка на знаењето. Учесниците кои успешно ќе го положат испитот, ќе добијат сертификат за успех од страна на House of Training.

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. **Учеството не предвидува плаќање на котизација.**

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (http://finance.gov.mk/node/665).

**Ве молиме да номинирате најмногу два претставника од Вашата институција. Апликациите се доставуваат најдоцна до 02 април (понеделник) 2018 година на долунаведените e-mail адреси. Рокот за пријавување е конечен.**

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

**Контакт лица: Иван Недев тел: 3255-370, E-mail: ivan.nedev@finance.gov.mk**
**Ивана Јовиќ тел: 3255-765, E-mail: ivana.jovic@finance.gov.mk**